ДО

Генерален секретаријат на

Влада на Република Македонија

**- Одделение за соработка со**

**невладини организации**

Здружението за еднакви можности „ЕЗЕРКА" со седиште во Струга, „Градски Пазар" втор кат ја поддржува програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2016 година со следните предлози:

1. Продолжување на борбата против организираниот криминал, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе и владеење на правото. Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе успешно се спроведува, а ние како „ЕЗЕРКА" работејќи на проблематиката на трговија со луѓе успешно соработуваме со Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и Министерството за внатрешни работи на полето на превенција и едукација, а од извештаите на Стејт Департментот на САД кои континуирано ги следат состојбите со борбата против трговијата со луѓе, се потврдува успешната работа со искачување на скалата на успештост.

2. Ефикасно судство и доследно спроведување на донесените реформи во судството еднакво за сите граѓани.

3. Спроведување на одредбите од член 18 од Законот за спречување, превенција и заштита од семејно насилство, односно обезбедување на центар за сместување на жртвите од семејно насилство што би го користеле жртвите на семејно насилство од општините Струга, Охрид, Дебар, Центар Жупа, Дебарца и Вевчани. Ова го бараме од сознанијата и податоците што ги прибираме во рамките на нашите тековни активности работејќи на проблематиката семејно насилство во соработка со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и Јавното Обвинителство.
Казните на сторителите на семејно насилство да бидат повисоки.

4. Отварање на инфективно одделение во Општата болница во Струга.
Бидејќи општина Струга е една од поголемите општини во Р. Македонија со над 65.000 жители и заболените од инфективни болести, а посебно децата не можат да бидат болнички згрижени и се праќаат во Инфективната клиника во Скопје. Барањето е од граѓаните на општина Струга и медицинскиот персонал во Општа болница и Здравствен дом Струга.

5. Да се донесат контролни механизми, во вид на законски одредби, за работата на локалната самоуправа, односно за обезбедување на непречено користење на правата на граѓаните, загарантирани со Уставот и Законите на Република Македонија.

Струга 10.09.2015 година

Изготвил,

Драгица Павлеска Попоска

ЗЕМ „ЕЗЕРКА“ Струга,

Претседател

Здружение за еднакви можности · ЕЗЕРКА · Струга